Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори и странски железнички претпријатија во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје

Скопје, __.__. 2012 година

# В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Вкупните обврски на МЖ Транспорт АД-Скопје изнесуваат 97,21 милион евра. Големата задолженост на МЖ Транспорт АД-Скопје кон странство доведува до континуирана неликвидност на претпријатието и до загрозување на неговото работење.

МЖ Транспорт АД-Скопје, како единствен железнички превозник на патници и стока на територијата на Република Македонија, согласно член 15 од Законот за железнички систем поседува дозвола за вршење на јавен железнички превоз од 2009 година и задолжително мора да ги исполнува условите кои се пропишани во член 16 од Законот за железнички систем. Согласно член 16, став (5) од Законот за железнички систем правно лице за да може да добие дозвола за вршење на јавен железнички превоз мора да е финансиски способен односно своите сегашни и идни обврски, под нормални услови на работење, да може да ги исполнува во период од 12 месеци.

Во член 9 од Законот за железнички систем (Сл.Весник на РМ бр.48/2011 и 23/2011) кој е усогласен со членот 9 од Директивата 91/440 на Советот на ЕУ од 29 јули 1991 година за развој на железниците во Заедницита, пропишано е дека заради подобрување на финансиската состојба на превозникот во државна сопственост, основачот може да утврди соодветни механизми со кои ќе се намали задолженоста на превозникот до ниво кое ќе создаде услови за рентабилно финансиско работење и општо подобрување на финансиската состојба, при што превозникот не смее да стекне монополска положба на пазарот.

За да може да се задолжи користејќи државна гаранција, МЖ Транспорт АД-Скопје како предлагач на проект и ноdensity јавен долг потребно е да го исполнува и критериумот за солвентност. Доколку носител на јавен долг има ненамирени обврски кон државата по основ на државна гаранција или заем, истиот не може да добие ново обезбедување со државна гаранција односно заем. За да може МЖ Транспорт АД-Скопје да добие ново обезбедување со државна гаранција односно заем, потребно е во моментот на поднесување на барањето за кредитно задолжување да ги има намирено своите обврски кон државата.

За да се овозможи финансиска консолидација на МЖ Транспорт АД-Скопје по пат на конверзија на побарувањата на Република Македонија во траен влог во друштвото МЖ "Транспорт" АД – Скопје, се предлага донесување на Закон за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори и странски железнички претпријатија во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје
Вкупните обврски на МЖ Транспорт АД-Скопје со состојба на 31.12.2011 година изнесуваат 86,65 милиони евра, од кои 75,05 милиони евра се веќе платени обврски на МЖ Транспорт АД-Скопје од страна на Република Македонија и 11,6 милиони евра се обврски на МЖ Транспорт АД-Скопје кои се доспеани, а не се платени. Обврските на МЖ Транспорт АД-Скопје кои доспеваат по 01.01.2012 година изнесуваат 10,56 милиони евра.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се овозможи финансиска консолидација на МЖ Трансапорт АД-Скопје по пат на конверзија на побарувањата на Република Македонија во траен влог во друштвото МЖ "Транспорт" АД – Скопје.

Основно решение што се предлага со Законот е претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори и странски железнички претпријатија до 31.12.2011 година во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје.

Предлогот на Законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори и странски железнички претпријатија во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје се заснова на следниве начела:

- зголемување на ефикасноста на работењето на МЖ Транспорт АД Скопје и
- подобрување на деловната клима во Република Македонија.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на Законот што се предлага, не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Спроведувањето на законот нема да повлече материјални обврски за одделни субјекти.

## V.УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## VI.ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ВРЗ ОСНОВА НА ОВОЈ ЗАКОН

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори и странски железнички претпријатија во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје

### Член 1

Со овој Закон се уредува начинот и постапката за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори и странски железнички претпријатија во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје.

### Член 2

Побарувања на Република Македонија од МЖ Транспорт АД Скопје во смисла на овој закон се побарувања по основ на платени обврски од страна на Република Македонија до 31.12.2011 година кон странските кредитори "ЕУРОФИМА", Светска банка, "Парискиот клуб на доверители" и кон странски железнички претпријатија.

### Член 3

Висината на побарувањата на Република Македонија од МЖ Транспорт АД Скопје, со записник ја утврдува комисија формирана од министерот за финансии, која е составена од пет членови, од кои три члена од Министерството за финансии и два члена од МЖ Транспорт АД Скопје.

Владата на Република Македонија во својство на Собрание на акционери одлучува за зголемување на основната главнина на МЖ Транспорт АД Скопје во висина на проценетиот износ од став 1 на овој член.

### Член 4

Постапката за претворање на побарувањата на Република Македонија во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје се врши со издавање на акции од страна на МЖ Транспорт АД Скопје по пат на приватна понуда согласно Законот за хартии од вредност, освен ако со овој закон поинаку не е уредено.

МЖ Транспорт АД Скопје акциите од став 1 на овој член ги издава по номиналната вредност.

Под приватна понуда во смисла на овој закон се подразбира понуда за запишување на хартии од вредност врз основа на претворање на побарувањата на Република Македонија во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје која е наменета за Република Македонија.

При издавање на акции по пат на приватна понуда согласно овој закон, во случај кога Владата на Република Македонија се јавува како познат купувач, не се применува забраната од Законот за хартии од вредност постојните акционери да се јават како познати купувачи.

Член 5

Владата на Република Македонија ги презема акциите од приватната понуда од член 4 на овој закон со претворање на побарувањата од член 2 на овој закон во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје.

Член 6

По уписот на зголемената основна главнина на МЖ Транспорт АД Скопје во трговскиот регистар што се води во Централниот Регистар на Република Македонија и запишување на Република Македонија како сопственик на акциите во Централниот депозитар за хартии од вредност, престануваат паричните обврски на МЖ Транспорт АД Скопје спрема Министерството за финансии согласно член 2 од овој закон.

Член 7

Во постапување по овој закон соодветно се применуваат одредбите од Законот за хартии од вредност и Законот за трговски друштва со исклучок на одредбите од член 322 ставови 3 и 4 од Законот за трговски друштва, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Донесувањето на Законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори и странски железнички претпријатија во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје произлезе од потребата да се овозможи финансиска консолидација на правниот субјект по пат на конверзија на побарувањата на Република Македонија во траен влог во друштвото МЖ "Транспорт" АД - Скопје.

Со членот 2 од Предлогот на законот се дефинираат побарувањата на Република Македонија од МЖ Транспорт АД Скопје по основ на платени обврски кон странски кредитори и кон странски железнички претпријатија.

Со членот 3 од Предлогот на законот се уредува дека висината на побарувањата на Република Македонија од МЖ Транспорт АД Скопје, со записник ја утврдува комисија формирана од министерот за финансии, која е составена од пет членови, од кои три члена од Министерството за финансии и два члена од МЖ Транспорт АД Скопје. По извршената проценка Владата на Република Македонија во својство на Собрание на акционери на друштвото ќе донесе одлука за зголемување на основната главнина на друштвото во висината на проценетиот износ на побарувањата.

Во членот 4 од Предлогот на законот се уредува постапката за претворање на побарувањата на Република Македонија во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје. Согласно предложеното законско решение ќе се изврши издавање на акции од страна на друштвото по пат на приватна понуда, при што како познат купувач се јавува Република Македонија. Постапката за издавање на акции по пат на приватна понуда ќе се врши согласно Законот за хартии од вредност при што во конкретниот случај нема да се применува забраната постојните акционери да се јават како познати купувачи.

Со членовите 5 и 6 од Предлогот на законот се уредува дека со запишувањето на акциите од приватната понуда, Владата на Република Македонија го претвора своето побарување во траен влог во МЖ Транспорт АД Скопје. По уписот на зголемената главнина на друштвото и запишувањето на Република Македонија како сопственик на акциите, ќе престанат паричните обврските на МЖ "Транспорт" АД Скопје кон Министерството за финансии.

II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Одредбите кои се предлагаат во Предлог законот се во меѓусебна поврзаност.

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесувањето на законот ќе се овозможи финансиска консолидација на МЖ

Трансапорт АД-Скопје по пат на конверзија на побарувањата на Република Македонија во траен влог во друштвото  МЖ "Транспорт" АД – Скопје.